РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 03.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3789/1 | 2 | |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-2969/12
03.06.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: **Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за зоотехника, што го утврди на седницата, одржана на 2 јуни 2026 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Борче Серафимовски, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жарко Димитриевски, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.06.03 10:45:41 +02:00

Подготвил: Марија Арсова, 02.06.2026
Проверил: Никола Пасков, 02.06.2026
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 02.06.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 02.06.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.06.02 18:09:42 +02:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 17:46 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=c3c58cbd-e403-4772-ba57-8ec7d8b75c89&materialId=8a2a9b7a-7c2b-42a9-8481-d817fe6c5385** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и<br><br>Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Борче Серафимовски, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство водостопанство и<br><br>Жарко Димитриевски, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство |

Предлог на закон
за изменување и дополнување на Законот за зоотехника

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за зоотехника(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/23) се уредуваат: зоотехничките и генеалошките правила за производство и трговија со животни за приплод и нивните зачетни производи и нивен внес во Република Северна Македонија, правила за признавање на организација на одгледувачи и организации на одгледувачи на хибридни свињи и за одобрување на нивните програми за размножување, регистрација на признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, надлежноста над спроведување на одгледувачките програми, правата и обврските на одгледувачите, признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, услови и барања за запишувањето на домашните животни за приплод во матична книга и регистри за приплод и за прифаќање на животни и хибридни свињи за приплод и нивни зачетни производи, испитување на продуктивноста и проценка на генетската вредност на животните за приплод, услови за издавање на зоотехнички сертификати за животните за приплод и нивни зачетни производи, управување со генетски ресурси и заштита на генетската варијабилност/биолошката разновидност, генетски резерви и автохтони видови, подвидови, раси и линии, како и ген банки во сточарството, создавање на нова или обновување на раса домашни животни, добивање статус на автохтона раса, производство и промет на пчелни матици, одгледување на живина за приплод, начинот и услови на одгледување на приплодни животни, живина и медоносни пчели и тоа: копитари, говеда, свињи, овци и кози, кокошки – *Gallus domesticus*, мисирки – *Meleagris gallopavo*, патки – *Anas domestica* и гуски – *Anser domesticus (*во натамошниот текст*:* живина) и медоносни пчели - *Apis mellifera macedonica* (во натамошниот текст: пчели/пчелни матици) и други видови животни кои се стопанско корисни, административна помош и соработка и начини на спроведување на одгледувачки програми и заштита на биолошката разновидност и ген банките во сточарството.

По донесување на Законот за зоотехника(*) се донесоа и подзаконските акти кој произлегоа од истиот како и со отпочнување на процес на спроведувањето на одредбите од истиот беше нотирано дека во некој делови од текстот на законот има потреба од изменување и дополнување на самиот текст на Законот пред се заради технички подобрувања во некој негови одредби. Имено во членот 1 од Законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, во членот 2 ставот (3) од законот се прави измена каде наместо член 8 став (4) треба да стои член 8 став (5).Овде се прави техничка корекција во повикувањето.

Во членот 2 од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, во членот 5 став (1) од законот во официјалниот превод на ЕУ регулативата 1012/2017 (член3) е направена грешка и се испуштени зборовите „освен од оние причини“ што суштински го менува целиот став од членот од Законот.

Во членот 3 од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, во членот 29 став (2) од законот освен технички корекции и измени се додава и нова точка 4 која гласи, Центар за собирање или за складирање на сперма или тим за собирање или производство на ембриони, за зачетни производи во име и врз основа на информации добиени од признатата организација на одгледувачи или признатa организација на одгледувачи на хибридни свињи кои спроведуваат одобрени одгледувачки програми за приплод за тие животни за приплод од точката 1) на овој член или од органот

за прилод од точката 3) на овој член. Ова дополнување беше направено се со цел да има формално правен основ за давање на можност центрите за собирање или за складирање на сперма или од тим за собирање или производство на ембриони, кои се одобрени за внесување на наведените зачетни производи во Република Северна Македонија да издаваат зоотехнички документи во името на органот за приплод и од информациите добиони од тој орган за приплод.

Во членот 4 од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, во членот 32 од законот се менува ставот (1) со што се врши допрецизирање на самиот превод на ЕУ регулативата. Со измената на ставот од овој член се овозможува центрите за собирање или за складирање на сперма или од тим за собирање или производство на ембриони, кои се одобрени за внесување на наведените зачетни производи во Република Северна Македонија да издадат зоотехнички документ во името на органот за приплод и од информациите добиони од тој орган за приплод.

Во членот 5 од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, во членот 33 во став (1) и во став (2) од законот зборовите „центрите за собирање или складирање на семена течност, центрите за чување на ембриони, екипите за собирање или производство на ембриони" се бришат затоа што регистрирањето во спсикот на органи за приплод на Европската комисија се врши само на признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи. Дополнително во ставот 5 истиот член се врши техничка корекција.

Во членот 6 од од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за зоотехника се прават технички корекции на текстот на Законот

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗООТЕХНИКА

Член 1

Во Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/23), во член 2 во ставот (3) зборовите „членовите 8 став (4)" се заменуваат со зборовите „членовите 8 став (5)".

Член 2

Во член 5 во ставот (1) зборовите „различни од причините" се заменуваат со зборовите „освен од оние причини".

Член 3

Во член 29 став (2) во точката 2) сврзникот „и" на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 3) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и".

По точката 3) се додава нова точка 4) која гласи:

„4) Центар за собирање или за складирање на сперма или тим за собирање или производство на ембриони, одобрени за трговија односно внесување на зачетни производи во Република Северна Македонија и во Европската Унија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, за зачетни производи во име и врз основа на информации добиени од признатата организација од точката 1) на овој член или од органот за приплод од точката 3) на овој член.".

Член 4

Во член 32 ставот (1) се менува и гласи:

„По исклучок од членот 29 став (2) точка 3) и став (6) од овој закон, зачетните производи можат да бидат пропратени со зоотехнички сертификат издаден во име на органот за приплод, врз основа на информациите добиени од овој орган за приплод, од страна на Центар за собирање или за складирање на сперма или од тим за собирање или производство на ембриони, кои се одобрени за внесување на наведените зачетни производи во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство.".

Член 5

Во член 33 во ставот (1) зборовите „Центри за собирање или складирање на семена течност, Центри за чување на ембриони, екипи за собирање или производство на ембриони," се бришат.

Во ставот (2) во воведната реченица зборовите „Центрите за собирање или складирање на семена течност, Центрите за чување на ембриони, екипите за собирање или производство на ембриони" се бришат.

Во ставот (5) зборовите „од ставот (1) на овој член" се заменуваат со зборовите „согласно овој закон".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Во членот 1 од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, во член 2 ставот (3) од законот зборовите „членовите 8 став (4)“ се заменуваат со зборовите „членовите 8 став (5)“.

Во членот 2 од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, во член 5 ставот (1) од законот зборовите „различни од причините“ се заменуваат со зборовите „освен од оние причини“.

Во членот 3 од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, во член 29 став (2) во точката 2) од законот сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.
Во точката 3) од законот точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.
По точката 3) од законот се додава нова точка 4) која гласи:
„4) Центар за собирање или за складирање на сперма или тим за собирање или производство на ембриони, одобрени за трговија односно внесување на зачетни производи во Република Северна Македонија и во Европската Унија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здраство, за зачетни производи во име и врз основа на информации добиени од признатата организација од точката 1) на овој член или од органот за прилод од точката 3) на овој член.“.

Во членот 4 од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, во член 32 ставот (1) од законот се менува и гласи „По исклучок од член 29 став (2) точка 3) и став (6) од овој закон, зачетните производи можат да бидат пропратени со зоотехнички сертификат издаден од името на органот за приплод, врз основа на информациите добиени од овој орган за приплод, од центар за собирање или за складирање на сперма или од тим за собирање или производство на ембриони, кои се одобрени за внесување на наведените зачетни производи во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветринарното здравство.“.

Во членот 5 од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, во член 33 во ставот (1) и ставот (2) од законот зборовите „центрите за собирање или складирање на семена течност, центрите за чување на ембриони, екипите за собирање или производство на ембриони“ се бришат и во ставот (5) од законот зборовите „од ставот (1) на овој член“ се заменуваат со зборовите „согласно овој закон“.

Во членот 6 од Предлог на законот на изменување и дополнување на Законот за зоотехника, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви правата правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за зоотехника (*) се прават технички корекции на текстот на законот.

ИЗВОД ОД ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 2

Примена

(1) Одредбите на овој закон се применуваат на животни за приплод и нивни зачетни производи во случаите кога овие животни или потомството од овие зачетни производи се наменети да бидат внесени како чистокрвни животни за приплод во матична книга или да бидат регистрирани како хибридни свињи за приплод во регистар за приплод, живина за приплод, пчелни матици, како и животни, живина, пчели, други стопанско корисни животни и нивен приплоден материјал наменети за зачувување на генетската варијабилност и генетските резерви.

(2) Одредбите на овој закон не се применуваат за животни за приплод и нивни зачетни производи кога овие животни и зачетни производи се наменети за технички или научни експерименти извршени под надзор на надлежните органи.

(3) Одредбите на членовите 8 став (4), 12, 13 ставови (3) и (4), 23, 24, 28 став (2) и 35 став (1) од овој закон не се применуваат на трговски друштва во приватна сопственост кои се признати за организации на одгледувачи на хибридни свињи во сточарството, а кои вршат активност во затворени системи за производство.

Член 5

Општи зоотехнички и генеалошки правила за трговија со животни за приплод и нивни зачетни производи и за нивното внесување во Република Северна Македонија

(1) Трговијата со животни за приплод и нивни зачетни производи и внесувањето во Република Северна Македонија на животни за приплод и нивни зачетни производи не се забранува, ограничува или спречува од зоотехнички или генеалошки причини, различни од причините кои произлегуваат од правилата утврдени во овој закон.

(2) Одгледувачи на животни за приплод, призната организација на одгледувачи, призната организација на одгледувачи на хибридни свињи или органи за приплод не се дискриминираат врз основа на нивната земја на потекло или земјата на потекло на животните за приплод или нивните зачетни производи.

Член 29

Издавање, содржина и форма на зоотехничките сертификати кои се приложуваат кон животните за приплод и нивните зачетни производи

(1) На барање на одгледувачите, за своите животни за приплод или нивни зачетни производи кои учествуваат во одредена одобрена одгледувачка програма, признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи која ја спроведува одобрената одгледувачка програма им издава зоотехнички сертификат.

(2) Зоотехничките сертификати кои се приложуваат кон животните за приплод или нивните зачетни производи, се издаваат од:

1) признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи кои спроведуваат одобрени одгледувачки програми за приплод за тие животни за приплод;
2) Министерството, согласно член 10 од овој закон и
3) орган за приплод.

(3) Признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи се должни зоотехничките сертификати да ги достават навремено.

(4) Кога животните за приплод кои биле внесени во матична книга која ја води признатa организација на одгледувачи или се регистрирани во регистар за приплод кој се води од признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи или со нивните зачетни производи се тргува, и кога тие животни за приплод, или нивните потомци, произведени од тие зачетни производи се наменети за упис или регистрирање во друга матична книга или регистар за приплод, тие животни за приплод или нивните зачетни производи мора да се придружени со зоотехнички сертификат.

(5) Признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи кое ги испорачува животните за приплод или нивните зачетни производи за кои се води матична книга или регистар за приплод во кои се внесени или регистрирани овие животни за приплод, за тие животни издава зоотехнички сертификат.

(6) Кога животни за приплод кои биле внесени во матична книга или се регистрирани во регистар за приплод кои ги води орган за приплод или нивни зачетни производи се внесуваат или изнесуваат од Република Северна Македонија, и кога овие животни за приплод или потомци кои произлегуваат од наведените/нивните зачетни производи се наменети за впишување во матична книга која ја води признатa организација на одгледувачи, или се регистрирани во регистар за приплод кој го води признатa организација на одгледувачи на хибридни свињи, овие животни за приплод или нивните зачетни производи мора да се придружени со зоотехнички сертификат издаден од органот за приплод.

(7) Зоотехничките сертификати од ставовите (4),(5) и (6) од овој член треба да:
1) ги содржат податоците пропишани согласно прописот од став (10) на овој член и
2) се усогласени со зоотехничките сертификати согласно став (10) на овој член.

(8) Признатата организација на одгледувачи или органот за приплод кое одгледува домашни животни кој врши оцена на продуктивноста или на генетската вредност или и двете активности во согласност со својата одгледувачка програма, или ги доделува овие активности на трети лица, во издадениот зоотехнички сертификат за чистокрвни животни за приплод или нивни зачетни производи, ги наведува:
1) резултатите од испитувањето на продуктивноста;
2) ажурираните резултати на генетската вредност и
3) генетските дефекти и генетските особености во врска со одгледувачката програма која се однесува на тоа животно за приплод или на донаторите на зачетните производи.

(9) Признатa организација на одгледувачи на хибридни свињи или орган за приплод кое/кои одгледуваат животни кои вршат испитување на продуктивноста или на генетската вредност или и двете активности во согласност со својата одгледувачка програма, или ги доделува овие активности на трети лица, во издадениот зоотехнички сертификат за хибридна свиња за приплод или нејзини зачетни производи, кога се бара со таа одгледувачка програма, ги наведува:
1) резултатите од испитувањето на продуктивноста;
2) ажурираните резултати на генетската вредност и

3) генетските дефекти и генетските особености во однос на одгледувачката програма која се однесува на тоа животно за приплод или на донаторите на зачетните производи.

(10) Формата и содржината на зоотехничките сертификати ги пропишува министерот

Член 32

Исклучоци од условите за издавањето, содржината и формата на зоотехничките сертификати за внесување во Република Северна Македонија на животни за приплод и нивни зачетни производи

(1) По исклучок од член 29 став (2) точка 3) и став (6) од овој закон, зачетните производи можат да бидат пропратени со зоотехнички сертификат издаден од органот за приплод, врз основа на информациите добиени од центар за собирање или за складирање на сперма или од тим за собирање или производство на ембриони, кои се одобрени за внесување на наведените зачетни производи во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветринарното здравство.

(2) По исклучок од член 29 став (7) точка 2) од овој закон не е неопходно да се користат обрасците наведени во член 29 став (7) точка 2) од овој закон, доколку:

1) одредени податоци од зоотехничките сертификати се содржани и во други документи приложени за животното за приплод или неговите зачетни производи и
2) органот за приплод кој спроведува одгледувачка програма, или друг оператор, наведен во став (1) од овој член, обезбедува исцрпна листа на тие документи, изјавувајќи дека податоците наведени во зоотехничките сертификати се содржани во овие документи и истите ги заведува.

(3) По исклучок од член 29 став (8) точки 1) и 2) и став (9) точки 1) и 2) од овој закон, кога резултатите од испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност се општо достапни на веб страна на операторот, во зоотехничките сертификати или во документите наведени во став (2) точка 1) од овој член, органите за приплод или другите оператори наведени во став (1) од овој член, можат да упатат на таа веб страница.

Член 33

Општи зоотехнички и генеалошки правила за трговија со животни за приплод и нивни зачетни производи и за нивното внесување, увоз во и извоз од Република Северна Македонија

(1) Право на извоз на приплоден материјал во земјите членки на Европската Унија имаат признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, центри за собирање или складирање на семена течност, центри за чување на ембриони, екипи за собирање или производство на ембриони, доколку истите се регистрирани како органи за приплод од страна на Европската комисија.

(2) Регистрирањето во списокот на органи за приплод на Европската комисија се врши преку Министерството кое докажува со соодветна документација дека признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи, центрите за собирање или складирање на семена течност, центрите за чување на ембриони, екипите за собирање или производство на ембриони ги исполнуваат следниве барања:

1) спроведува одобрена одгледувачка програма која е еквивалентна на одгледувачка програма која се спроведува во Европската Унија од признати организации на одгледувачи

за истата раса во Европската Унија, или признати организации на одгледувачи на хибридни свињи за истата раса, линија или крстоска во Европската Унија, во однос на:

а) внесување на животни за приплод во матична книга или нивно регистрирање во регистри за приплод;

б) прифаќање на животни за приплод за репродукција;

в) користење на зачетни производи од животни за приплод за испитување и репродукција и

г) методите кои се користат за испитување на продуктивноста и проценување на генетската вредност;

2) спроведува одобрени одгледувачки програми за одредена раса на животни согласно овој закон, а за која не се води матична книга во земјите членки на Европската Унија;

3) е предмет на надзор или контрола и

4) се осигурува дека животните за приплод кои се внесуваат во матична книга од признати организации на одгледувачи или се регистрираат во регистри за приплод од признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, и потомството кое потекнува од зачетни производи на тие животни за приплод се внесени или ги исполнуваат условите за запишување согласно овој закон.

(3) Приплодниот материјал при увозот мора да биде придружен и со соодветен доказ за неговата здравствена исправност согласно одредбите од Законот за ветеринарното здравство.

(4) Приплодниот материјал при извозот и увозот мора да биде придружуван со пропишаните соодветни зоотехнички документи, согласно овој закон.

(5) За увоз на приплоден материјал покрај барањата од ставот (1) на овој член, може да се потребни и дополнителни зоотехнички барања во врска со производните својства, одгледувачката вредност и други стопански особини кои ги пропишува министерот.

Влада на Република Северна Македонија

## ОБРАЗЕЦ ЗА
## ПРОЦЕНКА НА СРЕДНОРОЧНИ ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| **1.Назив на предлогот:** | **2.Јавен субјект:** |
|---|---|
| Предлог –Закон за измена и дополнување на Закон за зоотехника | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **3.Цел на предлогот:** | **4.Вид на предлог:** |
| Да се разгледа и усвои од страна на Владата на РСМ | Предлог-Закон за измена и дополнување на закон |
| **5.Контакт лице и звање:** | **6.Контакт тел. или е-пошта:** |
| Жарко Димитриевски, Државен советник | 070/409-846, zarko.dimitrievski@mzsv.gov.mk |

| **7. Активност:** | | |
|---|---|---|
| Предлог – Закон за измена и дополнување на Закон за зоотехника | | |
| **8.Вид на барање:** | | |
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | (√ ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |
| **9.Цел на барањето/предложената активност:** | | |
| Се вршат технички корекции и подобрување на текстот на законот | | |
| **10.Врска со владината програма:** | | |
| / | | |

| **11. Фискални импликации:** | **(илјади денари)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | T | T+1 | T+2 | T+3 | T+4 | T+5 |
| А.Вкупни расходи за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / | / | / |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / | / | / |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | | | |
| Г.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br><br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / | / | / |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (В-Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / | / | / |
| Ѓ. Зголемување / намалување на приходите | / | / | / | / | / | / |
| Е.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор: ______________________________<br>_ | / | / | / | / | / | / |
| 12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | / | / | / | / | / | / |

| | |
|---|---|
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Е) | / |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | / |
| 15. Дата на завршување на проценката | / |

| | |
|---|---|
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | / |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | / |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | / |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | / |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | / |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | / |
| 22. Проценка на долгорочни фискални импликации: | / |
| 23. Фискален ефект врз матичен буџетски корисник: | / |
| 24. Фискален ефект врз буџетски корисник: | / |

25. Одобрено / Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ____________ | ___/___/______ | ____________ | ___/___/______ |
| Државен секретар<br>Борче Серафимовски | Ден / месец / год. | Министер<br>Цветан Трипуновски | Ден/ месец/год |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕПУБЛИКА Е МАҚЕДОНИСЕ СЕ VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJERAVE
I
СКОПЈЕ-SHKUP

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Со Закон за Зоотехника(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/23) се врши усогласување со Регулативата на Европскиот парламент и на Советот од 08 јуни 2016 година за зоотехничките и генеолошки услови за приплод, трговија и пуштање во Унијата на чистокрвни животни за приплод, хибридни свињи за приплод и нивни зачетни производи и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 652/2014 и Директивите 89/608/ЕЕЗ и 90/425/ЕЕЗ на Советот и за укинување на одредени акти во областа на приплод на животни (Регулатива за приплод на животни) (CELEX број 32016R1012) и Регулатива на Европскиот парламент од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар и за укинување на Директивата 1999/93/ЕЗ (CELEX број 32014R0910).

Со важечкиот Закон за зоотехника („Службен весник на РСМ" бр. 87/23) се уредуваат зоотехничките и генеалошките правила за производство и трговија со животни за приплод, нивните зачетни производи, како и условите за признавање на организации на одгледувачи, со цел примарно усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 2016/1012. Сепак, со почетокот на практичната примена на законот и подготовката на подзаконските акти, детектирани се сериозни технички пропусти и јазично-терминолошки грешки во официјалниот превод на ЕУ регулативата. Имено, во член 5 став (1) од тековниот закон се испуштени клучните зборови 'освен од овие причини', што суштински го менува значењето на европското acquis и создава пречки во слободната трговија. Дополнително, лоцирани се погрешни внатрешни повикувања на ставови (како во член 2 став 3), како и правна празнина во однос на дефинирањето на овластувањата на центрите за собирање и складирање сперма да издаваат сертификати во име на признатите организации. Овие технички недоследности предизвикуваат правна несигурност кај операторите и инспекциските служби.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Потребата од изработување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за зоотехника е поради одстранување на технички грешки во текстот на законот и терминолошко усогласување на законот.

## 2. Цели на предлог регулативата

Основна цел на Предлог-законот е постигнување на 100% терминолошка и правно-техничка прецизност на националниот закон со Регулативата (ЕУ) бр. 2016/1012 веднаш по неговото влегување во сила. Мерливи и временски определени цели се:

1. Целосно отстранување на утврдените преведувачки и технички грешки во текстот со што ќе се овозможи точно и недвосмислено транспонирање на ЕУ правото.
2. Формално-правно овластување на одобрените центри за собирање или за складирање сперма и тимови за производство на ембриони да издаваат зоотехнички сертификати во име на органите за приплод, со што административната процедура за промет ќе се скрати и усогласи со ЕУ практиките со примена на измените.
3. Намалување на ризикот од погрешно толкување или прекршочни постапки од страна на Државниот инспекторат за земјоделство на 0%, преку елиминирање на контрадикторните одредби.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

2

Доколку се одбере опцијата „не прави ништо" значи да не се донесе предложениот закон, ќе се доведеме до повреда на начелото на владеење на правото и правна сигурност (член 8 од Уставот) и ќе се создаде правна несигурност.
Доколку се одбере опцијата 'не прави ништо', погрешниот превод во член 5 став (1) каде недостасуваат зборовите 'освен од оние причини' ќе остане во правна сила, што директно ја искривува суштината на европската регулатива и овозможува неоправдано ограничување на трговијата со животни за приплод од зоотехнички причини. Тоа директно води кон повреда на владеењето на правото, сериозна правна несигурност за домашните одгледувачи при извозот и увозот на приплоден материјал, како и кон добивање негативни оценки од страна на Европската комисија при редовниот скрининг процес поради неточно транспонирање на ЕУ acquis.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Со Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за зоотехника ќе се воспостави уредување на сточарството заради обезбедување на квалитетен приплоден материјал, производство на квалитетни производи од анимално потекло, производство и промет на пчелни матици, одгледување на живина за приплод, како и заштита на биолошката разновидност и ген банките во сточарството, остварување на правата и обврските на одгледувачите, како и на признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи во сточарството.
Со донесување на новиот закон и усвојување на регулативата се очекуваат позитивните движења и подобрување на правната рамка преку појасни и попрецизни одредби поврзани со одгледување на домашните животни за приплод во Република Северна Македонија.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија

Со Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за зоотехника ќе се се постигне подобрување на производните карактеристики на домашните животни, ќе се обезбеди квалитетен приплоден материјал и производство на квалитетни производи од анимално потекло, со што ќе се зголеми економската вредност на приплодните животни, нивните зачетни производи и производите добиени од нив.
Со имплементација на новиот закон, одгледувачите на домашни животни за приплод целосно ќе се подготват на условите за работа во Европската Унија.
Предложените измени ја зголемуваат економската вредност на приплодниот материјал бидејќи овозможуваат центрите за сперма непречено да издаваат сертификати во прометот. Напротив, со опцијата 'не прави ништо', поради технички пречки во дефинициите, овие центри би се соочиле со блокади при трговијата и извозот во земјите на ЕУ, предизвикувајќи директни финансиски загуби за сточарскиот сектор.

4.2 Фискални влијанија

Бидејќи измените се од технички карактер, тие не бараат дополнителни средства од Буџетот. Доколку се избере опцијата 'не прави ништо', фискалното влијание е повторно неутрално, но се јавува индиректен трошок по буџетот поради водење на потенцијални управни спорови како резултат на нејасната законска терминологија.

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

4.3 Социјални влијанија

Приплодот на говеда, свињи, овци, кози и коњи завзема стратешко место од економска и социјална гледна точка во земјоделството на Република Северна Македонија и придонесува за културно наследство на земјата. Оваа земјоделска дејност која придонесува за безбедноста на храната во земјата е извор на приход за земјоделската заедница. Приплодот на животни од овие видови најдобро се поддржува со користењето на чистокрвни животни за приплод, на хибридни свињи за приплод, пчелни матици и матични јата на чисто расна приплодна живина, со регистриран висок генетски квалитет.

Измените нудат правна заштита и сигурност на земјоделската заедница во остварување на нивните права за промет со чистокрвен приплоден материјал. Со опцијата 'не прави ништо', социјалниот статус на одгледувачите се загрозува поради ризикот од административни бариери и инспекциски казни предизвикани од лоши референци во членовите на Законот.

4.4 Влијанија врз животната средина

Со точното терминолошко дефинирање и транспонирање на одредбите, се обезбедува прецизна примена на Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството. Поконкретно, со елиминирање на техничките грешки во законот се овозможува беспрекорно функционирање на ген банките и заштита на разновидноста на геномите кај автохтоните раси (буша, овчеполска, шарпланинска и каракачанска овца, балканска коза итн.) во нивната изворна средина. Ова спречува ерозија на автохтониот генетски фонд и ја подобрува заштитата на агро-биодиверзитетот. Доколку се избере опцијата 'не прави ништо', техничките нејаснотии во постапките за инспекциски надзор можат индиректно да го забават процесот на одобрување и следење на одгледувачките програми за загрозените автохтони раси.

4.5 Административни влијанија и трошоци

а) трошоци за спроведување

Не се потребни дополнителни трошоци за спроведување на законот.

б) трошоци за почитување на регулативата

Не се потребни дополнителни трошоци за почитување на регулативата.

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Предлог текстот на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за зоотехника го изработи работна група во министерството., во која беа вклучени претставници и стручни лица од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и преставници од Факултетот за земјоделски науки и храна. Предлог текстот на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за зоотехника беше разгледан и одобрен и од страна на Советот за сточарство.

Од одржаните јавни расправи произлегоа конкретни предлози и забелешки во врска со предлог Законот за зоотехника, кои беа земени во предвид и корегирани во истиот.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Нема добиени мислења.

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

Нема добиени мислења.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Предлог-Законот за изменување и дополнување на законот за зоотехника ќе овозможи прецизно и дословно толкување и спроведување на одредбите од истиот како и трговијата и прометот со приплодните животни.
Негативното влијание од опцијата не прави ништо е:
- Трајна правна несигурност поради погрешен превод на член 5 став (1) .
- Неможност за центрите за сперма легално да издаваат документи во име на признати организации .
- Ризик од негативни извештаи од ЕУ за лошо транспонирање.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Доколку не се донесе Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за зоотехника нема да се воспостави унифицирана примена на правилата за уредување на зоотехниката, заштита на биолошката разновидност и производството на високо квалитетен приплоден материјал во сточарството во земјата и трговијата со земјите членки на ЕУ.
Како основен ризик при донесувањето на предлог-измените се јавува потенцијалното првично административно забавување на процесите додека Државниот инспекторат за земјоделство и признатите организации ги прилагодат своите внатрешни обрасци и протоколи кон корегираните членови и новиот систем на издавање на зоотехнички сертификати преку одобрените центри за зачетни производи. **Мерки за ублажување:** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство веднаш по објавата на техничките измени во Службен весник ќе одржи еднодневни координативни и информативни состаноци со Државниот инспекторат за земјоделство, Факултетот за земјоделски науки и храна и регистрираните центри за брзо имплементирање на корегираните одредби.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Се препорачува донесување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за зоотехника со кој ќе се осигура имплементација на регулативата (ЕУ) бр.2016/1012 на Европскиот парламент и на советот на Европската Унија од 08 јуни 2016 година за зоотехнички и генеалошки услови за приплод, трговија и пуштање во Унијата на чистокрвни животни за приплод, хибридни свињи за приплод и нивни зачетни производи, и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 652/2014 и Директивите 89/608/ЕЕЗ и 90/425/ЕЕЗ на Советот и за укинување на одредени акти во областа на приплод на животни (Регулатива за приплод на животни).
Со законот ќе се воспостави уредување на сточарството со цел обезбедување на квалитетен приплоден материјал, производство на квалитетни производи од анимално потекло, заштита на биолошката разновидност и ген банките во сточарството.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Нема потреба од менување на други закони.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Со донесувањето на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за зоотехника не се предвидува и донесување на подзаконски акти.

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување
Надлежен орган за спроведување на Законот за зоотехника е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, додека инспекцискиот надзор над спроведување на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон ќе ги врши Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство.

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон
За спроведување на законот ќе се спроведат советувања и консултации со заинтересирани страни, како и други соодветни активности заради обезбедување на ефикасно имплементирање на законот.

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето
Надлежен орган за спроведување на одредбите од Законот за зоотехника е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Спроведувањето на законот и ефектите од истиот ќе се врши континуирано од страна на релевантните сектори и одделенија во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и преку остварување на средби, контакти и интервјуа со засегнатите страни и јавноста.
Следењето на спроведувањето на техничките измени ќе биде под надлежност на Секторот за земјоделство при МЗШВ. Државниот инспекторат за земјоделство ќе врши инспекциски надзор и известување преку квартални извештаи.

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови
Евалуација на ефектите ќе се врши една до две години по денот на влегување во сила на законот во рамките на надлежниот сектор од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

1. Постигнат степен од 100% на усогласеност со Регулативата (ЕУ) бр. 2016/1012, потврден преку позитивни извештаи за поглавјата од ЕУ скринингот.
2. Број на усогласени и издадени зоотехнички сертификати од страна на центрите за собирање сперма во име на признати организации (Целен показател: сите издадени сертификати да бидат формално-правно валидни без оспорување).
3. Број на констатирани грешки или нејаснотии во инспекцискиот надзор поврзани со техничките членови (Целен показател: 0 пропусти).

Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**Изјава од државниот секретар**

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум:______________

..................................................

потпис на државен секретар

**Изјава од министерот**

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум:_____________

..................................................

потпис на министерот